Врз основа на Законот за управување со отпад („Сл.весник на РМ“ бр.216/2021), Законот за комунални дејности („Сл.весник на РМ“ бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид, (Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 5/11, 9/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 30.01.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа Одлука се уредуваат условите и начинот на постапување со отпадот, односно неговото собирање, транспортирање, селектирање и депонирање од страна на јавното комунално претпријатие, жителите на општината, приватниот сектор и сите други чинители кои имаат обврски да постапуваат со отпадот кој се создава на територијата на општината.

### Член 2

Собирањето на отпадот ќе го врши Ј.П.„Охридски Комуналец“ во понатамошниот текст давател на услугата.

Сопствениците на зградите, становите и деловните простории и другите корисници на станбените и деловните простории ( во натамошниот текст: создавачи на отпад ) имаат обврска задолжително да ги користат услугите за одведување на комуналниот отпад на Ј.П.„Охридски Комуналец“.

## II. УСЛОВИ И НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

### Член 3

За подигање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад физичките и правните лица плаќаат надоместок, согласно ценовникот на ЈП„Охридски Комуналец“ бр. 02-2444/6 од 28.11.2022 год.

Данокот на додадена вредност не е пресметан во висината на утврдениот надоместок и истиот е на товар на корисниците на услугата.

Цените се однесуваат за редовно собирање на отпад. Доколку е потребно дополнително собирање, надоместокот се утврдува во согласност со ценовникот на ЈП Охридски комуналец за количината и видот на отпад кој се подига/собира.

**Член 4**

Наплатата на надоместокот за собирање отпад се врши преку доставување на сметката, односно фактурата за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад и се прикажува одвоено од сметката.

Средствата собрани од надоместокот се приход на Ј.П.„Охридски Комуналец“ и се користат за финансирање на работите од јавната чистота.

**Член 5**

Отпадот може да се транспортира со специјални возила наменети за транспорт на отпад, затворени возила, контејнери или друг вид соодветни возила со кои се спречува растурање, испаѓање на отпадот за време на собирањето, транспортот, утоварот и/или истоварот.

**Член 6**

Локациите за поставување на садовите за комунален отпад и за рециклирање на отпад на територијата на општината ќе ги утврди Секторот за урбанизам и управивање со градежно земјиште. Поставувањето на садовите за отпад ќе го врши ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид.

Сите сопственици, односно корисници на објекти се должни сметот редовно да го собираат и оставаат на места за таа намена.

**Член 7**

Создавачите, односно поседувачите на отпадот се должни да го селектираат отпадот на следните категории:

1. амбалажен отпад (хартија, пластика, стакло, метал и слично);
2. отпад од дворни места – градинарски отпад, (цвеќе, трева, листови од дрвја, пилевина, гранки и слично),
3. отпадот настанат од делови на расипани апарати за домаќинствата, кујнски прибори, санитарни уреди и слично (електричен и електронски отпад (ЕЕО), отпадни батерии и акумулатори (ОБА), кабаст отпад);
4. останатиот отпад од домаќинствата (комунален отпад).

**Член 8**

Амбалажниот отпад се остава на посебните места за собирање, односно во садови за амбалажен отпад кои се поставуваат на јавните површини на места определени од општината или пак се доделени за секое домаќинство.

Отпадот од дворните места се собира во посебни вреќи за отпад и се оставаат пред влезовите на станбените, односно деловните објекти или до кантите за собирање на отпадот од домаќинствата и се собира по точно определен распоред за собирање или на повик до

давателот на услугата. Ова важи само доколку не постои определено место од страна на општината за овој вид отпад.

Отпадот настанат од делови на расипани апарати од домаќинствата, кујнски прибор, санитарни уреди и слично се собира на места определени за таа намена или по точно определен распоред за собирање.

Комуналниот отпад се одложува во зелените канти доделени од страна на комуналец и наменети исклучиво за останат отпад од домаќинства.

**Член 9**

Заради обезбедување на јавна чистота на јавните површини, отворените простори на јавните површини на територија на општина Охрид забрането е:

- фрлање и оставање на отпадоци од градежен материјал (градежен шут);
- фрлање и оставање на хартија, отпушоци, мастики, амбалажи, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци;
- фрлање, односно оставање на смет од вршење на дејности и од домаќинствата покрај контејнери и други садови за собирање на смет;
- фрлање, односно оставање на смет од вршење на дејности и од домаќинствата во и покрај украсните корпи за отпадоци;
- оставање на стари предмети од домаќинства покрај садовите за собирање на смет, освен на места определени од општината;
- палење, закопување и уништување на смет;
- паркирање на возила на растојание од десет метри од контејнер и други садови за собирање на смет и оставање на товарни возила освен на места определени за таа намена;
- растурање на сметот и претурање по сметот од вреќи, контејнери и други видови садови за собирање на смет;
- фрлање смет од било кој кат од станбена зграда или куќа, во двор;
- поставување на контејнери и други видови садови за собирање на смет надвор од определените места за нивно поставување, согласно со нивната намена;
- истурање на пепел, жар, други лесно запалливи и корозивни материјали кои предизвикуваат палење и уништување на садовите за собирање смет;
- оставање на фекални остатоци од домашни миленици и мртви животни, живина и птици во садови за отпад;

**Член 10**

За постапување со градежен шут, градинарски отпад, земја, песок, стари предмети од домаќинствата и други видови отпад, надлежен е Ј.П.„Охридски Комуналец".

Отстранувањето на кој било вид отпад од став 1 на овој член задолжително треба да се пријави во Ј.П.„Охридски Комуналец" или на места и локации претходно утврдени и предвидени исклучиво за таа намена.

Локациите и начинот на оставање на стари предмети и габаритен отпад, како и локациите

за оставање на растителен отпад и отпад од електрична и електронска опрема, ги одредува општината заедно со Ј.П.„Охридски Комуналец“ кои согласно Годишната програма изготвуваат Календар за подигање на кабаст и зелен отпад.

**Член 11**

Сопственикот на приватен објект (хотел, ресторан, кафуле, супер маркет) е должен да обезбеди просторија за привремено чување и селекција на разните видови отпад кои што се создаваат во објектот до денот утврден со програмата за собирање отпад од страна на комуналното претпријатие. Сопственикот е исто така должен:

- Да обезбеди садови за отпадот кој што се создава при работењето на објектот;
- Да обезбеди соодветна хигиена на просторот околу садовите за отпад;
- Да го чува отпадот до денот за негово подигање и да ги изнесе садовите до локацијата утврдена во договор со комуналното претпријатие.

**Член 12**

Зградите од кои отпадот од домаќинства се става во садови за отпад мораат да имаат одреден простор или место за сместување на садот за отпад и доволен број садови за отпад.

Бројот и видот на садовите за отпад за секоја пооделна зграда го одредува јавното претпријатие за комунални дејности или правното и физичко лице кое е овластено за собирање и транспортирање на отпадот.

Секое физичко лице треба да поседува соодветен сад за собирање на отпад (канта) и истиот да го чува на сопствен имот. Исто така секое физичко лице треба да поседува канта за селекција на отпад од пакување и истата да ја чува и користи во согласност со насоките од ЈП за комунални дејности.

Локацијата за поставувања на садови за собирање отпад треба да биде одредена во договор со комуналното претпријатие.

**Член 13**

Садовите за отпад од домаќинствата (контејнерите) ги набавува правното или физичкото лице кое е сопственик на објектот ( деловен објект, стан или заедница на станари ).

По исклучок, за новоизградените објекти и новоотворените деловни простории садовите за отпад од домаќинствата - станбени објекти ( контејнерите ) ги набавува инвеститорот.

Собирачот на отпадот е должен да ги мие, дезинфицира и дезинсекцира садовите за отпад најмалку два пати годишно и да ги одржува во исправна состојба.

Садовите за отпад од домаќинства (кантите) ги набавува физичкото лице сопственик

на индивидуалниот објект. Садовите за селекција ги доделува општина Охрид со ЈП за комунални дејности на користење, а физичкото лице е должно да ја чува и користи согласно насоките.

Подигнувањето на отпадот од садовите е утврдено во годишната програма на ЈП Охридски комуналец.

**Член 14**

Садовите за отпад од комерцијалните објекти ги набавува правното лице од ЈП Охридски комуналец или од друг правен субјект. За собирање на отпадот од овие садови е одговорно ЈП Охридски Комуналец. Надоместот за собирање и фреквенцијата на собирање се пропишани во член 3 од оваа Одлука.

**Член 15**

Создавачите на отпад должни се отпадот да го ставаат во садовите за отпад така да не се расфрла и да не го валка просторот околу садот. Садовите и контејнерите за отпад мораат да бидат затворени.

**Член 16**

Забрането е изнесувањето и вадењето на отпад од садовите и контејнерите. Забрането е да се оневозможува пристап на возилото за отпад до местото на кое се наоѓаат садовите за отпад.

**Член 17**

Собирачот на отпадот е должен при собирањето на отпадот и при одведувањето на отпадот да внимава отпадот да не се растура, да не се крева прашина, да не се оштетуваат садовите за отпад, како и да не се валкаат и оштетуваат површините за сместување на отпадот.

Ако при утовар и истовар во возилото, дојде до растурање на отпадот, собирачите на отпадот се должни истиот веднаш да го исчистат, а садовите да ги вратат на местото определено за нив и да ги затворат капаците на садовите и контејнерите.

**Член 18**

Создавачот и/или поседувачот на индустриски неопасен отпад е должен да го преработи отпадот што настанува со вршење на дејностите, на начин утврден со Законот за управување со отпад. Правните и физичките лица кои постапуваат со индустриски неопасен отпад се должни да достават примерок од идентификационот формулар до Градоначалникот.

**Член 19**

Создавачите на индустриски отпад што содржи штетни материи се должни да ги преземат соодветните мерки согласно одредбите на Законот за управување со отпадот, Законот за заштита на животна средина и другите прописи кои ја регулираат оваа проблематика.

**Член 20**

Советот на општината на предлог на Градоначалникот ги определува местата за третман и отстранување на инертниот отпад во согласност со општинските планови за управување со отпад и во согласност со просторните и урбанистичките планови. Посебно уредените депонии, односно определените места од став 1 на овој член ги одржува и со нив управува јавното претпријатие за комунални дејности основано од

Општината или правно или физичко лице кое од страна на Општината е овластено за вршење на истата дејност.

**Член 21**

Отпадоци што се создаваат со изведување на градежни работи се: градежен материјал, земја, шут, згура, вар, цемент, чакал, песок, кал, камења, тули, ќерамички отпадоци и слично. Отпадоците од став 1 на овој Член не смеат да се оставаат и собираат на јавните површини. Создавачите на отпадоци од став 1 од овој Член се должни да го отстрануваат, односно транспортираат истиот на посебно уредените депонии.

**Член 22**

Правните и физичките лица кои при изведувањето на градежни работи создаваат отпадоци кои немаат својство на комунален отпад, се должни сами да го собираат и да го транспортираат отпадот на места определени од општината или истите да ги предадат на овластени правни и физички лица кои собираат и транспортираат отпад.

**Член 23**

Забрането е отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи да се изнесуваат од своите дворни места до денот на преземањето од страна на правните или физичките лица кои се овластени за собирање и транспортирање на отпадот. Се забранува транспортирањето на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи да се врши со несоодветни и непокриени транспортни возила што би предизвикало истурање на истиот на самите сообраќајни површини. Забрането е оставање, односно истурање на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи на јавните површини, јавно сообраќајните површини, неизградено градежно земјиште, во и покрај водните површини и слично. Забрането е депонирање на отпадоците што се создаваат со изведување на градежни работи вон местата определени од стана на општината.

## III. НАДЗОР И МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

**Член 24**

Надзор над примената на оваа Одлука се врши согласно Законот за управување со отпад (Сл.весник на РМ бр. 216/2021).

Контрола над начинот на постапување со отпадот согласно оваа Одлука вршат општински комунални инспектори, овластени инспектори за животна средина и комунални редари.

## IV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 25**

За непочитување на оваа Одлука ќе се применуваат прекршочните одредби определени со Законот за управување со отпад. ( Сл.Весник на РСМ бр.216/21 )

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Со влегување во сила на оваа одлука престануваат да важат одредбите од Одлуката за одржување на јавната чистота на територија на општина Охрид бр.08-1620/4 од 05.02.2019 год.

**Член 27**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-797/14**
**30.01.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски**